**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-85/2
11.03 2025 год.
ПРОБИШТИП

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| Единица на локална самоуправа | Општина Пробиштип |
| Изработил (име, презиме и функција) | Анкица Кијајова, Советник за социјална заштита, Координатор за еднакви можности на жените и мажите |
| Период на известување | За 2024 година |
| Датум на поднесување на извештајот | 11.03 2025 година |

Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)

Градоначалник на општина Пробиштип
Драган Анастасов
Потпис:

Дата, 11.03 2025 година

Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика

Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот) :

Потпис:

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ :

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

А) Позитивни
**Б)** Охрабрувачки
**В)** Програмски

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

Еднократна парична помош по однос на поднесено барање за лица во социјален ризик , бездомни лица и жртви на семејно насилство
Социјални пакети за лица во социјален ризик
Еднократна парична помош од 2500,00 ден а по повод 3-ти декември Меѓународен Ден на лица со попреченост на инклузираните ученици при Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци", СОУ Н.Н.Борче Пробиштип и корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост
Еднократна парична помош од 20.000 ден за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст и за дете со попреченост до 26 години живот
Субвенција на сметки од 500 ден за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев"за лицата корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.
Право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип за згрижување на деца на самохрани родители, за деца со посебни потреби, за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден
Новогодишни пакетчиња за децата запишани во детската градинка
Еднократна парична помош од 5.000,00 ден за секое новороденче
Еднократна парична помош за секое прваче
Бесплатен оброк за учениците од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта
Додаток за образование од 2000,00ден месечно на редовни ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче " Пробиштип
Поддршка на проекти од граѓански здруженија
-Проект „Креираме сегашни и идни генерации на подготвени граѓани"
-Проект„Застани и пробај во Пробиштип
-Добра правична и чиста храна
-Поттик за љубов кон планината и природата на граѓаните на општина Пробиштип
Поддршка на активности на здружение на лица со оштетен вид
Образовни асистенти преку програмата Општинско-корисна работа на ученици со попреченост во СОУ „Н.Н.Борче" Пробиштип
-Проектот за Подобрување на социјалните услуги , Услугата помош и нега во домот.
-Одбележување на денот 8-ми март (програма за празници и манифестации)
- Степендии за ученици
-Награди за ученици и ментори
-Награди за спортисти и спортистки (програма за спорт

Едукативни предавања за превенција организирани од страна на ОО Црвен Крст Пробиштип предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за три специфични цели : Вклучување на родова перспектива во здравство (Подигнување на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје и за женско и машко здравје) ;Вклучување на родова перспектива во образованието (Едукативни активности и предавања во училишта за важноста и грижата за менструална хигиена); Промоција на еднаквост меѓу младите (Едукативни активности и предавања, кампањи и одбележување значајни датуми, Превенција и спречување на врсничко насилство (булинг) Превенција од насилство врз жени и девојчиња и семејно насилство)

**2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**

-Еднократна парична помош за 60 лица во социјален ризик,

-Социјални пакети за 62 лица во социјален ризик од кои 50 (31 мажи и 19жени) корисници на гарантирана минимална помош и 12 (2 мажи и 10 жени) корисници на социјална сигурност на старите лица

-Еднократна парична помош од 2500,00 ден а по повод 3-ти декември на 19 корисници од кои 9 машки и 10 женски, Меѓународен Ден на лица со попреченост. на инклузираните ученици при Општинското основно училиште „Браќа Миладиновци", СОУ Н.Н.Борче Пробиштип и корисниците во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост

-Еднократна парична помош за 126 корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст и за дете со попреченост до 26 години живот

- Субвенција на сметки од 500 ден за комунални услуги преку ЈКП„Никола Карев"за 23 лица корисници на правото на додаток за слепило од Центар за социјална работа Пробиштип.

Право на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на 130 деца ( 65 машки и 65 женски ) од предучилишна возраст во ЈОУДГ „Гоце Делчев" Пробиштип за дете чии месечните приходи на родителите не надминуват од 60.000,00 ден

Новогодишни пакетчиња за 360 деца запишани во детската градинка

Еднократна парична помош од 5.000,00 ден за 68 новороденчиња

Бесплатен оброк за 455 ученици (246 машки и 209 женски) од прво до петто одделение во основните општински училишта и подрачни училишта

Додаток за образование од 2000,00ден месечно на 79 редовни ученици од прва година запишани во СОУ„Н.Н.Борче " Пробиштип

Поддршка на 4 граѓански здруженија по јавен повик

Поддршка на активности на здружение на лица со оштетен вид (едно здружение)

- Услуга помош и нега во домот. По возрасна структура стари лица со навршени 65 години живот и лица помлади од 65 години со намален функционален капацитет. Опслужени 92 македоци и 2 Роми. Ангажирани 20 лица негуватели од кои 10 за Пробиштип и 10 за Кратово кои се грижат за нив.

-Ангажирани двајца образовни асистенти (жени) преку програмата ОКР од категогија невработени лица кои работат со двајца крајни корисници –ученици (машки) со попреченост инклузирано во редовна настава

-Награда за 25 ученика од кои 15 женски и 10 машки

-Награда за 13 ментора од кои 11 женски и 2 машки
-Степендија на 2 ученика (женски)

- Присуство на концерт по повод 8-ми март
-Наградени 4 жени поранешни кошаркарки за исклучителен придонес во развојот на спортот во општина Пробиштип
-Едуцирани над 230 ученици од 7 и 8 одделение како навремено да се заштитат од појава и ширење на ХИВ вирусот и сексуално преносливи инфекции и начините за превентивна и навремена заштита од истите. Со директен опфат на 200 ученици од 5 и 6 одделение низ реализирани 6 врснички едукации во основните училишта се запознале учениците навремено со менструалната хигиена како да се практикува и како да се постапува. Со директен опфат на 200 ученици од 6 и 7 одделение низ реализирани 6 врснички едукации во сите три основни училишта и со информирањето на јавноста преку медиумите е подигната јавната свест за превенција од болестите на зависност.
Преку 8 реализирани едукативни сесии наменети за 200 ученици од страна на стручен советник по превенција надополнети од нашите врснички едукатори на оваа тема, се запознале учениците од 5 и 6 одделение како да се заштитат од сајбер насилство, што е тоа врсничко насилство-булинг како да го препознаат и како да го спречат.

**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** (**Ве молиме наведете само аутпут индикатори**[1])

-Број на поднесени барања за еднократна помош за новороденче
-Број на стари лица ја користат услугата помош и нега во домот
-Број на еднократна парична помош по повод 3- ти декември
-Број на поднесени барања за еднократна помош за лица во социјален ризик
-Број на ангажирани лица преку програмата ОКР
-Број на доделени награди на ученици и ментори
-Број на наградени кошаркарки
-Број на доделени социјални пакети за лица во социјален ризик
-Број на поднесени барања за еднократна помош за дете со попреченост до 26 години живот,
-Број на поднесени барања за еднократна помош за корисници на надоместок заради попреченост на лице со навршени 26 години возраст
-Број на ученици корисници на право на додаток за образование
Број на ученици корисници на бесплатен оброк

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| Број на деца корисници на право на партиципација во детската градинка<br>Број на нво кои користат средства од општината по јавен повик<br>Број на корисници на субвенција на сметки од 500 ден за комунални услуги<br>Број на деца присутни на едукативните предавања |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>- Одлука за субвенционирање на сметки за комунални услуги према ЈКП Никола Карев Пробиштип за лицата со оштетен вид, корисници на правото на додаток за слепило http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-15-2023.pdf<br>-Правилник за дополнување на правилник за еднократна помош до совет (бездомни лица и жртви на семејно насилство) број 26-199/16 од 13.02 2024 годинаhttp://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf<br>-Правилник за остварување на Правото на партиципација во трошоците за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст кои престојуваат во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-15-2023.pdf<br>-Одлуката за еднократна парична помош за корисници на посебен додаток за попреченост од Центар за социјална работа Пробиштип а по повод празникот на градот 28-ми Август со број 26-199/17 од 13.02 2024 година и Одлуката за изменување на одлуката со број 26-92/9 од 27.01 2025 година http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf<br>-Правилникот за утврдување на критериумите , условите и потребната документација за остварување право на еднократна парична помош за новороденче со број 26-886/12 од 27.12 2024 година (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.13/24) http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/SLUZHBEN-GLASNIK-BR.13-2024.pdf<br>-Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ Н.Н.Борче“ Пробиштип со бр 26-199/18 од 13.02.2024 (Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.2/2024 година) и Одлуката за изменување на Одлуката за остварување на право на додаток за образование на редовните ученици од прва година запишани во СОУ „Наум Наумовски Борче“ Пробиштип со број 26-675/8 од 30.09 2024 година http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-2-2024.pdf<br>-Одлука за утврдување на критериуми и услови за остварување на право на бесплатен топол појадок за учениците на возраст од 6-10 години ( прво до петто одделение) во основните општински и подрачните училишта со број 26-80/14 од 26.01 2024 година и Одлука за изменување на одлуката со број 26-92/10 од 27.01 2025 година http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2024/02/SLUZHBEN-GLASNIK-1-2024.pdf<br>-Извештај од реализирани активности по програма за социјална детска и здравствена заштита за 2024 година<br>-Извештај од реализирани активности по програма за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година |

| |
|---|
| -Извештај од реализирани активности по Програма за спорт, Програма за празници и манифестации за 2024 година. |
| **2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС :**<br><br>-Преземана иницијатива за разгледување на општинските програми од комисијата за еднакви можности на жените и мажите<br>-Јавен повик до граѓански организации за реализација на активностите во општина Пробиштип, предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година<br>Изразување интерес за соработка во рамки на програмата за родово одговорно буџетирање , во склоп на проектот „Промоција на родово одговорни политики и буџети кон транспарентно, инклузивно, и одговорно управување во РСМ –фаза 2 кој е дел од програмата „Промовирање на родово одговорно управување во РСМ –UN WOMEN |
| **2.7.Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br>-Обезбедени финансиски средства во буџетот на општината за граѓанските организации кои реализираа активности во општина Пробиштип, предвидени во програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година<br>- Успешно реализирана обука за родово-одговорно буџетирање и учество на три модули од UN WOMEN Целта е стекнување на поголемо теоретско разбирање и повеќе практични вештини за собирање и користење на родово-разделените податоци и за родовите статистики, како и за соодветните потреби од податоци во контекст на планирање и следење на реализацијата на програмите и проектите на локално ниво. |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори**<br><br>Од буџетот на општина Пробиштип на избраната граѓанска организација која поднесе пријава за учество по јавниот повик и беа доделени финансиските средства за реализација на предвидените активности во програмата.<br>Овозможена обука за двајца вработени во општинска администрација |
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**<br>-Решение за исплата на финасиските средства<br>- Меморандумот за соработка со UN WOMEN во 2025 година. |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и** |

**невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
-ЗЕЛС
- Министерство за социјална политика демографија и млади
-Министерство за опбразоваие
-Министерство за култура
-ЈУ Центар за социјлална работа
-ЈКП Никола Карев
-ООУ Никола Карев, ООУ Браќа Миладиновци, СОУ Н.Н.Борче Пробиштип
-ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип
-Здружение на пензионери
Општинска организација Црвен Крст Пробишти
Планинарско друштво
SLOW FOOD
-ЈУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип

**2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**

**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**
*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**

Да базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол
-Општинската администрација- 43 лица , од кои 24 жени, 19 мажи.
-Ангажирани четири лица ( мажи) преку Агенција за привремени вработувања.
-Територијална противпожарна единица 11 лица- мажи
-Советот на општина Пробиштип вкупно 15 советници, 6 жени и 9 мажи

**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**
*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**

Извештај од реализирани активности предвидени во програмите за работа на општина Пробиштип (во прилог
Општина Пробиштип има увид на статистички податоци разделени по пол на општинските институции-училишта, градинки, јавни претпријатија

Во прилог табела со податоци од општина Пробиштип и податоци добиени од институции

**2.12. Дали единицата на локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите?**

ДА
Годишна Програма за еднакви можности за жените и мажите и Акциски план за родова еднаквост за период 2022-2024 година

**2.13. Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**

**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**

**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**

**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**

**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**

Во програмата за 2024 година имавме предвидено финансиски средства од 150.000,00ден. распределени за следните мерки и активности:

Вклучување на родова перспектива во здравство

Вклучување на родова перспектива во образованието

Промоција на еднаквост меѓу младите

За реализација на оваа активност Општина пробиштип изготви Правилник за утврдување на критериуми за финансирање на здруженија на граѓани и фондации за активности кои се предвидени во Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година со број 08-99/1 од 23.01 2024 година , општина Пробиштип објави Јавен повик до сите здруженија на граѓани и фондации за реализација на активностите предвидени во прогарамата за еднакви можности на жеите и мажите за 2024 година. Пријавите поднесени по овој јавен повик беа разгледувани од страна на координаторот , заменик координатор и комисијата за еднакви можности. На овој јавен повик проектни активности имаше поднесено само Општинската организација Црвен Крст Пробиштип со број 03-9/1 од 05.02 2024 година.

Со избраното здружение- Црвен Крст на РСМ-Општинска организација Пробиштип беше склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски. Одобрените активности се реализираа во 2024 година по претходно барање од избраното здружение за предложената активност и Решение за исплата на финансиските средства.

До општина пробиштип од Црвен Крст на РСМ-Општинска организација Пробиштип со број 08-99/13 од 26.12 2024 година доставен е извештај за реализирани активости во период септември-декември 2024 година. Од извештајот може да се види дека целната група се учениците од основните училишта во нашата општина кои присуствувале на едукативните предавања

**2.14. Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**

Да, Во работни задачи и обврски предвидени во работното место на координаторот

**2.15. Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано? Дали тој во обуките се јавил/а како:**

**а) слушател/<u>слушателка</u>**

**б) обучувач/обучувачка**

**2.16 Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн).**

-Инфо работилница во рамки на програмата општинско-корисна работа

-Обука UN WOMEN

**2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**

**Ве молиме опишете**

-Добиените знаења се пренесуваат преку дискусија, размена на искуство од посетените теми на раководителот на одделението на јавни дејности.

**2.18. Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**

-Координаторот ја изготвува програмата за еднакви можности на жените и мажите и програмата за социјална заштита каде предвидува мерки и активности за реализација.

Се изготвуваат правилниците и одлуките по кои ќе се реалзираат предвидените мерки во програмите

-Иницијатива за нови проекти и продолжување на постоечките

-Иницијатива за меморандум за соработка

**2.19. Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**

- Усвоени годишните програми за 2025 година, правилници и одлуки

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

**3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во единицата на локалната самоуправа во текот на извештајната година и како сте ги надминале?**

-Прибирање на податоци

-Обуки на советниците и учество на комисијата за еднакви можности и стекнување поголемо искуство.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

-Сите предлог идеи , активности, мерки и проекти кои се предложени од координаторот се прифатени од страна на градоначалник и совет на општина Пробиштип

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

-Координацијата и добрата волја за соработка со институциите е од големо значење за спроведување на законската регулатива за еднакви можности

## 4. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

2025 година ќе ни биде година во која ќе реализираме активски , ќе формираме работна група, ќе преземаме нови иницијативи и мерки согласно меморандумот за соработка со UN WOMEN

## 5. ПОДАТОЦИ ЗА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**

Во 2005година

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

а) Пол

**б) Образование**

**в) Етничка припадност**

**г) Припадност на политичка партија и недискриминација**

Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип (Комисија за еднаквост меѓу половите) е составена од пет члена и тоа четири жени од кои сите се со завршено високо образование и еден маж со завршено високо образование, членови на советот на општината, по националност македонци, членови на постоечките политички партии коалиција ВМРО-ДПМНЕ и коалиција СДСМ.

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а) во креирање и донесување на развојна програма на единицата на локалната самоуправа**

**б) во донесување на буџет на единицата на локалната самоуправа**

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принципот на еднакви можности во работата на органите на единицата на локалната самоуправа**

Членовите на комисијата за еднакви можности се членови на Советот на општината и се членови во други комисии така што директно учествуваат во креирање и унапредување на еднакви можности при креирање на програми.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности Комисијата ги има доставено до Советот на единицата на локалната самоуправа?**

Учество на комисијата за еднакви можности во разгледување на предлог проекти од граѓански организации пријавени на јавниот повик за финансиска помош

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа? Не**

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Во 2024 година Комисијата за еднакви можности на мажите и жените ги разгледуваше предлог програмите за 2025 година и Годишните извештаи за реализацијата на активностите по програми за 2023 година

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

- Организирање на обуки од МТСП за координаторите, замениците за еднакви можности , општинската администрација

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

-Едукација на општинската администрација